РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-437/7
06-09-2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), постапувајќи по пријава од познат подносител, на 51 – та седница, прво продолжение, одржана на ден 01.09..2021 година, ДКСК донесе

# ОДЛУКА

Наводите од пријавата со бр. 09-4669/1 од 07.10.2019 година против ------, Виш инспектор – --------, се потврдуваат.

Постапката за утврдување судир на интереси во однос на конкретниот случај од пријавата СЕ ЗАПИРА, поради промена на фактичката состојба, службеното лице го исполнило условот за користење на правото на пензија.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување во случајот.

Предметот со број 09-4669/1 од 07.10.2019 година, да се затвори и да се архивира.

## Образложение

Предметот со број 09-4669/1 од 07.10.2019 година е оформен по поднесена пријава од познат подносител, со наводи дека лицето ---------, Виш инспектор – ---------, во последните години во неколку наврати има извршено инспекциски надзор на УКИМ, односно на неговите единици (факултети), а посебно на Факултетот за ветерина, каде е ангажиран проф. ------. Ова од причина што, во негово време, кога бил ------- на УКИМ, била вработена ќерката на -------- во Ректоратот на УКИМ, а подоцна -------- се вратил во матичниот Факултет за ветерина, каде работи и денес.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, согласно член 76 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК ги провери наводите од пријавата, по што го утврди следното:

Лицето -------- со Универзитетот има склучено 6 договори за волонтирање во Одделението за Меѓународен семинар за македонски јазик литература и култура за период од 16.04.2013 до 31.05.2015. За

период од јануари 2015 до 17.06.2015, ректорот донесувал поединечни решенија за исплата на надомест за волонтерски работи за секој месец поединечно. По донесување на Законот за трансформација во работен однос, УКИМ бара согласност од МОН и МФ од 24.02.2015 за трансформација на работниот однос на неопределено време за неа и по добиена согласност истата склучува договор со УКИМ од 17.06.2015 на неопределено време за работно место секретар во Одделението за Меѓународен семинар за македонски јазик литература и култура.

Согласно Правилникот за организација и систематизација на работните места во Централната стручна и административна служба на Ректоратот на УКИМ, за ова работно место е предвидено високо образование и 2 год работно искуство, по што Државен инспекторат за труд не констатира неправилности при нејзиното вработување во Ректоратот на УКИМ.

Инспекторот ------- вршел инспекциски надзор на повеќе факултети од УКИМ видено од доставените записници од 2014 до 2019 год. Истиот вршел надзор и на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Скопје (ректорат) во период од 2012 до 2015 година.

На седницата одржана на ден 01.09.2021 година, по разгледување на сите предметни наводи, ДКСК констатира дека службеното лице --------- не се изземал од вршење на инспекциски надзор на наведениот универзитет иако таму е вработено негово блиско лице (ќерка) и не постапил согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Лицето ---------- повеќе не е вработен во Државниот просветен инспекторат, односно е пензионирано лице, по што ДКСК поаѓајќи од одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира, да се запре постапката за утврдување судир на интереси против истиот.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

По заклучок на ДКСК,
Изработил: К.З., раководител
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК